РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE E DEMOGRAFISË DHE E TË RINJVE - SHKUP
Бр. / Nr. 09- 6297/1
14. 09- 2026 год. / viti

# ЈАВЕН ПОВИК

## за учество во работа на Комисијата за ревизија на наод, оцена и мислење за утврдување на инвалидност, односно неспособност за работа

Министерството за социјална политика, демографија и млади, согласно со член 3 од Правилникот за организацијата, составот и начинот на работа на Комисијата за ревизија на наод, оцена и мислење за утврдување на инвалидност, односно неспособност за работа („Службен весник на Република Македонија" бр. 2/13, 13/16 и 2/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 318/20 и 273/22), (во натамошниот текст: Комисија за ревизија), ги повикува заинтересираните лекари - специјалисти да се јават за учество во работата на Комисијата за ревизија за период од една година.

На овој повик може да се јават истакнати медицински стручни лица коишто работат во здравствени установи и кои имаат најмалку 5 години работно искуство по положен специјалистички испит во следните области:

- специјалист интернист,
- специјалист психијатар,
- специјалист по трудова медицина,
- останати специјалисти (офталмолог, онколог, кардиолог, невролог, ортопед, специјалист хирург и др.)

Заинтересираните лица за учество во работата на Комисијата за ревизија треба да достават:

- барање за учество во работата на Комисијата за ревизија,
- кратка биографија,
- копија од лиценца за работа,
- потврда за работен однос и
- копија од уверение за положен специјалистички испит, како доказ за работно искуство во областа од најмалку 5 години по специјализацијата.

Барањето заедно со потребната документација се поднесува до Министерството за за социјална политика, демографија и млади, ул: "Даме Груев", бр. 14, 1000 Скопје, во затворен плик со назнака: ЈАВЕН ПОВИК - Комисија за ревизија – НЕ ОТВАРАЈ, најдоцна до 18.09.2026 година.

МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, Demografisë dhe e të Rinjve e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk